Одговор: Во прилог на ова решение, на подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер му се доставуваат бараните иницијативи и тоа:

-Иницијатива со која се бара оценување на уставноста на Законот за солидарност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/2023), по која е оформен предмет У.бр.183/2023.

-Иницијатива со која се бара оценување на уставноста на член 205 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01,2/02,5/03,84/08,81/09 и 161/09), по која е оформен предмет У.бр.64/2021.

-Иницијатива со која се бара оценување на уставноста на член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18), по која е оформен предмет У.бр.298/2020.

-Иницијатива со која се бара оценување на уставноста на член 13, во делот: „на маж и жена” и член 100-а став 5 алинеја 7 од Законот за семејството (“Службен весник на Република Македонија” бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015), по која е оформен предмет У.бр.165/2019 и

-Иницијатива со која се бара оценување на уставноста на член 12 став 1 алинеи 8 и 9, член 13 ставови 4 и 5 и член 63 став 3 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2013,18/2014, 44/2014 и 129/2015), по која е оформен предмет У.бр.52/2014.